# И З В Е Ш Т А Ј

## за работата на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во првите три месеци од 2008 година

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, во текот на изминатите три месеци од 2008 година го продолжи трендот на зголемување на својата ефикасност и ефективност во работата, како и со остварување на активностите содржани во Програмата за работа во 2008 година..

Во текот на првите три месеци од 2008 година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, преземаше мерки за испитување на 317 (201) случаи на посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба на овластените службени лица, што претставува зголемување на бројот на испитани случаи за 57,2 %.

За тие случаи, како и за случаите кои сеуште не се завршени, а се предмет на работа, во Секторот се примени 181 (96) писмена претставки од граѓани, што споредено со истиот период минатата година се во зголемување за скоро два пати, а зголемен е бројот на примени записници за усно поднесени претставки-90 (75), во кои граѓаните реагираат на одредени неправилности во работењето претежно на полициските службеници. Намален е бројот на примени анонимни поднесоци- 21 (35). Драстично е зголемен бројот- 66 (3) на пријава за непрофесионално и незаконско постапување на припадници на МВР по пријава на тел. број 199. Во повеќе од половина на вака пријавените случаи граѓаните не ги пријавуваат генералиите, а и различни се видовите на злоупотреба пријавени по телефонска пријава, додека многу помал е бројот на пријавите за мито и корупција.

Писмени реакции во вид на преставки, жалби и поплаки против работата на вработените во Министерството за внатрешни работи се добивани и преку невладини организации, вкупно - 23 (19). Од нив, 11 (5) поднесоци се од Хелсиншкиот Комитет за човекови права во Република Македонија, додека останатите се од невладини организации имплементирани во Проектот за подршка на човековите права. Од овие невладини организации, најголем број претставки - пет (1) се од НВО "Центар за граѓанска иницијатива", три (1) преку "АРКА" и по две претставки преку НВО "Избор"(4) и здружението "Сите за правично судење"(8). Ваквите поднесоци во најголем број случаи се однесуваат на предмети кои се повторуваат, за кои веќе од други субјекти се добиени претставки или по други основи е доставуван одговор.

Исто така, во овој период, се добиени и 17 (16) поднесоци од Народниот правобранител, како и седум (13) поднесоци од адвокати како полномошници на граѓани, 11 од фирми и други правни лица и др.

Во најголем број на случаи, претставките се однесуваат на забелешки за непрофесионално постапување на овластените службени лица во смисла на непреземање на службени дејствија по однос на одреден настан или се незадоволни од преземените мерки и активности, забелешки на записниците при случена сообраќајна незгода, начинот на приведување и лишување од слобода и слично.

Покрај, добиените претставки, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди постапуваше и врз основа на сопствени податоци и сознанија, по добиени известувања, по наредба на министерот како и по барања што ги доставуваат или непосредно ги презентираат работниците на Министерството. Така, во овој период се добиени и 40 (32) службени материјали (сл.белешки, информации, телеграми) од организационите единици во МВР во кои се укажува на одредени неправилности или незаконитости сторени од припадници на МВР.

Од 317 случаи за кои се вршени проверки 247 се предмети кои се постапувани врз основа на добиени претставки од граѓански и правни лица во кои се посочени неправилности извршени од страна на вработени во МВР, а останатите се по добиени известувања, сознанија, наредби од министерот и друго. Од анализа на структурата на добиените и постапени 247 предмети по претставки од граѓани, може да се констатира дека во 175 случаи наводите изнесени во претставките се неосновани, 38 случаи се основани, 21 предмет се без исход, односно нема доволно докази за да се потврдат или отфрлат наводите во преставката, седум се делумно основани, за пет предмети е утврдено дека не се во надлежност на СВКПС, а за еден предмет проверките продолжуваат.

Инаку, за сите постапени 317 предмети по извршени проверки за 63 (52) случаи се утврдени одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи, при што согласно Законот за внатрешни работи, Колективниот договор на МВР и останатите правилници, од страна на СВКПС се предложени соодветни мерки спрема овластените службени лица кои непрофесионално и незаконски постапувале. Така, во 24 (24) случаи за утврдените неправилности, СВКПС, против 33 (72) ОСЛ предложи поведување на дисциплинска постапка, а во 23 (16) случаи е предложена мерка намалување на личниот доход за 45 (28) овластени службени лица. Исто така, во 13 (16) случаи, по извршените проверки СВКПС, предложи предупредување за 15 (26) овластени службени лица, додека во 2 (11) случаи за 2 (57) припадника на МВР предложено е суспендирање од работното место. Во шест (4) случаи кога по извршените проверки се утврдени одредени неправилности, од страна на СВКПС е предложи прераспоредување на друго работно место за 10 (21) ОСЛ, за два (1) припадник на МВР е предложено поведување на прекршочна постапка, а во 11 случај (1) утврдување на материјална одговорност за надомест на штета против 12 ОСЛ.

Инаку, во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на овластените службени лица кои имаат обележје на кривично дело, од страна на СВКПС се поднесени девет (29) кривични пријави против 12 овластени службени лица за сторени 11 кривични дела. Од вкупно пријавените 11 кривични дела шест се дела со елементи на коруптивно однесување. Četири од кривичните дела се за "злоупотреба на службена положба и овластување", а две дела се за "проневера во службата". Останатите кривични дела се две дела "малтретирање во вршење на службата" и по едно кривично дело "загрозување на сигурноста", "фалсификување исправа" и "измама". Од вкупно пријавените 12 ОСЛ, 11 се припадници на униформираниот состав на полиција, а едно лице е раководител на транзитен центар. Од нив, петмина се вработени во СВР Скопје, тројца во Секторот за гранични работи (ГП Деве Баир) и по еден во СВР Охрид, ПС Прилеп и Транзитен центар за странци.

Покрај ова, во првите три месеци од годинава се изготвени и доставени 8 (15) Посебни извештаи до Основните јавни обвинителства во Р.Македонија, од кои четири се по барање на ОЈО, а четири за известување на надлежниот јавен обвинител за негово понатамошно постапување.

Исто така, Секторот за внатрешна контрола и професонални стандарди во еден (2) случај ја испитуваше основаноста, оправданоста и правилноста за употреба на огнено оружје, при што е утврдено дека истата е основана, оправдана и правилно употребена и е во согласност со Законот за внатрешни работи и Уредбата за употреба на средства за присилба.

Во првите три месеци од годинава, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди постапуваше по 17 (16) поднесоци, од граѓани во кои е наведено дека спрема нив од овластени службени лица е употребена физичка сила. По преземени мерки е утврдено дека десет поднесоци се неосновани, во четири случаи поради немање на доволно докази не може да се утврдат наводите во претставката за употребена физичка сила, додека за три случај е утврдено дека истата е неосновано и неоправдано употребена. Во два од тие случаи, од страна на СВКПС се поднесени две кривични пријави против три овластени службени лица, при што против истите е предложено да се покрене постапка пред Комисијата за отказ. Во еден случај против полицискиот службеник е предложено да се поведе постапка за отказ.

Во врска со добиените предмети, по извршени проверки од страна на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, доставени се 243 (111) одговори до граѓани, 17 одговори до невладини организации, 13 одговори до фирми, пет одговори до адвокати, како и одговори до други субјекти правни лица.

Од вкупно примените 17 поднесоци од Народниот Правобранител, одговор е доставен на 13 претставки, додека за останатите поднесоци од Народниот правобранител постапката за проверка и изготвување на одговор е во тек. Исто така, во овој период до Народниот правобранител се доставени и пет одговори на поднесоци добиени кон крајот на 2007 година. И оваа година продолжи соработката со Народниот правобранител за подигање на степенот на взаемна соработка. При постапување на Секторот во случаи кога се прекршуваат човековите права и слободи и истите претставуваат јавен интерес, Секторот редовно и без негово барање го известува за исходот од спроведената постапка со цел Народниот правобранител да биде навремено информиран.

Во изминатиот период од годинава, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во 19 случаи на случени сообраќајни незгоди со возила сопственост на МВР излезе на лице место. Од извршените проверки е констатирано дека само во три случаи возилата биле управувани без уредно издаден налог за патување, а во еден случај кај полициски службеник е констатирано присуство на алкохол во крвта. Во случаите каде е утврдена вина за предизвикување на сообраќајната незгода од страна на соодветните служби се поднесени пет прекршочни пријави и една кривична пријава. За случаите каде се утврдени пропусти од страна на полициските службеници поради кои е настапена материјална штета на возилата сопственост на МВР, СВКПС до непосредните раководители каде истите се вработени предложи во седум случаи да бидат покренати постапки за надомест на штета, а во два од случаите поради управување без налог на возило и алкохолисаност на полициски службеник за време на извршување на службени задачи е предложено и поведување на постапка пред надлежната Комисија за отказ.

Имајќи ги предвид коментарите по Извештајот на Комитетот за превенција од тортура при Советот на Европа во однос на забелешките кои се однесуваат на повеќе сегменти на заштита на човековите слободи и права, Секторот за внатрешна контрола предложи и изготви Акциски план со утврдени активности, носители, рокови, индикатори на успешност и финансиски импликации. Во рамките на тој Акциски план Секторот во февруари годинава, изврши посета и увид во 20 подрачни Полициски станици од општа надлежност, при што врз основа на констатираната состојба предложи конкретни мерки за надминување на состојбите.

Исто така во анализираниот период, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди и понатаму продолжи со вршење на контроли во поедини организациони единици на МВР, каде што постојат сознанија за непостапување на полициските службеници согласно телеграмата за употреба на службените возила и утврдување на алкохолизираност на полициските службеници

за време на работа. Контроли беа извешени во Надворешните Канцеларии на СВР Скопје за увид на употребата на службени возила, како и контрола за отривање на алкохолизираност на полициски службеници за време на работа во ПС за ГК Табановце. За откриените неправилности од страна на Секторот против двајца полициски службеници е предложено намалување на дел од платата, а кај едниот од нив, кај кого е утврдено присуство на алкохол во крвта е одземено оружјето и е оддалечен од работното место.
За одбележување е завршувањето на проектот – Јакнење на капацитетите на секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, кој траеше од 17.04.2007 година до 29.02.2008 година, а беше финансиран од Европската Агенција за Реконструкција.
Од 01.04.2008 година, во секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди се одвива нов проект, кој исто така е финансиран од Европската Агенција за Реконструкција – Поддршка за имплементација на акциониот план на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди. Овој проект, според планираното, ќе трае до Октомври оваа година. Во тек на подготовка е изработка на постери кои ќе бидат поставени во сите Полициски станици, а се однесуваат на правата на граѓаните да приговараат и да поснесат претставка до Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди. Овие постери ќе се изработат на македонски и на албански јазик и во почетокот на месец мај ќе бидат поставени на видно место во влезните простории на Полициските станици. Инаку, изработката на постерите е дел од активностите на проектот кој се одвива во Секторот, а го финансира Европската Агенција за реконструкција.

Кадровско доекипирање на Секторот

Во текот на извештајниот период, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди кадровски е ослабнат со заминувањето на други работни места на двајца извршители.
Овој проблем е особено актуелен, ако се има предвид дека бројот на кандидати кои се интересираат за работа во Секторот, навидум е голем, но кога ќе се увидат надлежностите и содржината на работа, интересот веднаш опаѓа и исклучително тешко се доаѓа до квалитетни кадри кои се неопходни за непристрасно, ефективно и ефикасно остварување на функциите на овој Сектор.
Во оваа насока, со Програмата за работа во 2008 година, е планирано распишување на интерен оглас, но заради транспарентноста во работењето на Секторот има потреба и од вклучување на надворешни лица, кои би се селектирале по пат на

јавен оглас, а потоа со дополнителна обука би се оструччиле за извршување на задачите ставени во надлежност на Секторот.

Обуки за вработените во Секторот

Обуките за вработените во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, се одвиваат согласно временската рамка за реализирање на планираните обуки за 2008 година.

Во насока на натамошно јакнење на ефикасноста и ефективноста во работата на Секторот, согласно Програмата за работа, веќе е реализиран еден дел од планираните обуки за 2008 година, додека останатите обуки ќе бидат реализирани согласно утврдената временска рамка.

Наша заложба, како и во Програмата за обуки за 2008 година е, дел од обуките да се реализираат заедно со претставници на локалната самоуправа, невладините организации, канцелариите на Народниот правобранител, и претставници на Полициските станици.

Исто така, планирано е во месец Април да се реализира ден на отворени врати во Секторот, на кој ќе бидат поканети невладини организации, со цел да се запознаат со начинот на функционирање на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди; да се информираат за проблемите со кои се соочуваат вработените во Секторот; да се информираат за начинот на организација на работите во Секторот и тн.

Материјално и техничко опремување во Секторот

Кон крајот на изминатата година, со донација од ИЦИТАП, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди беше опремен со 21 персонален компјутер и со мрежно поврзување на посебен софтвер кој специјално е креиран за потребите на Секторот. Министерството за внатрешни работи обезбеди уште 12 персонални компјутери, кои покрај постојните што и до сега беа на располагање на Секторот, во целост ги обезбедија потребите за информатичка техника во наредните години. За одбележување е и фактот дека со помош на ОБСЕ, беше реализирана обука за работа со компјутери за сите вработени во Секторот, а дополнително, за начинот на користење на новиот софтвер, во тековниов месец ќе се реализира и дополнителна обука, финансирана од ИЦИТАП.

Во претстојниот период, планирано е Секторот да обезбеди неколку дигитални фото апарати, три дрегери за проверка на алкохол во крвта, а до крајот на годината, планирано е опремување на посебна просторија за интервју со странки.

Хроничниот проблем со возила за потребите на Секторот до сега не е надминат, но останува да се реши во рамките на вкупните заложби на Министерството за внатрешни работи.
Останатите активности на овој план, ја следат временската рамка, планирана во Програмата за работа во 2008 година.

Јакнење на соработката со Одделот за организиран криминал, Основните Јавни Обвинителства и Судот

Во изминатите три месеци од 2008 година, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди продолжи со активностите за зајакнување на соработката со Одделот за организиран криминал, Основните Јавни Обвинителства и Судовите.
Во таа насока, реализирани се неколку заеднички активности со Одделот за организиран криминал и соработката, како и размената на информации од взаемен интерес се одвива без никакви пречки и проблеми.
Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, во сите случаи кога има основано сомнение дека одреден полициски службеник е сторител на конкретно кривично дело, задолжително прави консултации со надлежното Основно Јавно Обвинителство. Таа соработка, генерално гледано добро се одвива, но има и случаи кога од одредени јавни обвинители добиваме сугестија да се поднесе кривична пријава, бидејќи според доказите кои ги презентираме постојат елементите на конкретно кривично дело, но откако пријавата ќе биде поднесена, по неколку месечно чекање, добиваме известување со кое кривичната пријава е отфрлена. Тоа што паѓа во очи во овие случаи е фактот што такви случаи се случуваат кај едни исти обвинители од исти Основни Обвинителства. За овој воочен проблем, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди подготвува Информација, која ќе биде проследена до Државниот Јавен Обвинител.
За одбележување е напорот кој го прави Секторот за благовремено и точно постапување по сите дописи кои доаѓаат од Обвинителството и Судовите.

Имплементација на Антикорупциската програма

Министерството за внатрешни работи, изготви нова Антикорупциска програма за 2008 година, каде што јасно ги дефинира целите и приоритетите за оваа година.
За разлика од минатогодишната, годинешната Програма содржи и Акциски план за нејзина имплементација. Со Акцискиот план се планирани активностите, со јасно дефинирани носители, временска рамка, индикатори на успешност и планирани

финансиски средства. Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди е задолжен за следење на активностите содржани во антикорупциската програма. Во таа насока, планираните активности се одвиваат согласно утврдената динамика.

Јакнење на соработката со Народниот правобранител и невладините организации

Еден од клучните приоритети на Министерството за внатрешни работи беше и останува зајакнувањето на соработката со Народниот правобранител и НВО.
Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, како контролен механизам во работењето на полицијата е оној сегмент од Министерството кој најчесто остварува комуникација со Народниот правобранител и НВО. Во извештајниов период, Секторот ја продолжи својата активност за одговорно и сеопфатно информирање на Народниот правобранител и НВО за своите активности. Сите достави од нивна страна сериозно се земаат во постапка и во рамките на нужно неопходното време за заокружување на проверките, благовремено се одговараат.
Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, на два пати реагираше до една невладина организација, која јавно истапи со податоци кои се невистинити. Во таа насока Секторот покрена иницијатива за организирање почести средби, со цел, низ аргументирана расправа да се дојде до релевантни информации кои се од интерес за градење на објективен став кон одредени отворени прашања.
Исто така, во функција на транспарентното работење на Министерството и во тие рамки на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди, претставници од Секторот земаа учество на повеќе отворени трибини на кои се дискутираше за заштитата на човековите слободи и права.
За одбележување е и придонесот на претставници од Секторот во работата на работната група, во проектот за изнаоѓање на поефикасен надворешен механизам за контрола на работата на полицијата, финансиран и подржан од ОБСЕ, кој резултираше со објавување на публикација и нејзино претставување пред пратениците во Собранието на Република Македонија.
Новина во насока на поголема транспарентност во работењето, како и до доближување на Секторот кон сите НВО кои во своите програми ги третираат човековите слободи и права, се планираните денови на отворени врати, за што веќе е кажано погоре во овој Извештај.

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

на одредени податоци од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди

I. Предлог мерки од Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди по вид и години:

| | вкупно предмети по кои е постапено | кривични пријави | Предлози за барања за прекр. постапка | Предлози за повед. дисципл. постапка | Предлози за намал. на личен доход | Предделози за писм. предупр е-дување | Предлози за прераспо ре-дување на др.раб.место | Предлози за оддалеч.од раб.место |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 г. | 784 | 50 | / | 117 | 63 | 36 | 85 | 12 |
| 2005 г. | 677 | 38 | / | 75 | 42 | 45 | 36 | 27 |
| 2006 г. | 691 | 34 | 8 | 58 | 51 | 66 | 29 | 12 |
| 2007 г. | 974 | 62-106осл | 11-12 осл | 98-179осл | 81-145осл | 93-149осл | 18-43 осл | 40-84 осл |
| 3м.2008 г | 317 | 9-12 осл | 2- 2 осл | 24-33 осл | 23-45 осл | 13-15 осл | 6-11 осл | 2-2 осл |
| Вкупно | 3.443 | 193 | 21 | 372 | 260 | 253 | 174 | 93 |

II. Поднесоци против овластени службени лица за употребена физичка сила.

| | вкупно поднесоци | основани | неосновани | нема докази |
|---|---|---|---|---|
| 2004 година | 54 | 22 | 27 | 5 |
| 2005 година | 86 | 11 | 56 | 19 |
| 2006 година | 83 | 9 | 51 | 23 |
| 2007 година | 61 | 9 | 33 | 19 |
| 3 м. 2008 год. | 17 | 3 | 10 | 4 |
| Вкупно | 301 | 54 | 177 | 70 |

III. Поднесоци од Народниот Правобранител.

| | вкупно поднесоци | одговорени |
|---|---|---|
| 2004 година | 35 | 35 |
| 2005 година | 68 | 52 |
| 2006 година | 112 | 103+(16) 1 |
| 2007 година | 50 | 44+ (9) |
| 3 мес. 2008 год. | 17 | 13+ (5) |
| Вкупно | 315 | 277 |

IV. Добиени и одговорени поднесоци од невладини организации.

| | примени | одговорени |
|---|---|---|
| Хелсиншки комитет | 11 | 7+(3) |
| "Арка" | 3 | 1 |
| "Сите за правично судење" | 2 | /+(1) |
| "Центар за граѓанска иницијатива" | 5 | 4 |
| НВО"Избор" | 2 | 1 |
| Вкупно | 23 | 13+(4) |